ИНТЕРВЈУ: ХРИСТИНА ИВАНОСКА, УМЕТНИК

# ЗА УМЕТНИКОТ И ИСКРЕНОСТА

***Христина Иваноска е претставничка на најмладата генерација ликовни уметници во Македонија. На почеток, само неколку биографски податоци за неа, колку за да се добие увид во нејзиното досегашно творештво. Родена е во 1974 год. во Скопје. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (1997), во класата на проф. Рубенс Корубин. Најмногу работи инсталации, цртежи-објекти, перформанс. Досега учествувала на повеќе групни изложби во земјава и во странство. Самостојни изложби: „Костум за двајца“, МКЦ, Скопје, 1999; „Празна соба“, Босвил, Швајцарија; Цртежи на собиобјекти, CIX Gallery, Скопје, 1999. Во изминатава година (2001) ја реализирање својата четврта самостојна изложба (ОГС, Скопје), а учествуваше и во двете „јавни“ изложби во Скопје - „Совршен спој“ (во рамките на меѓународниот проект „Капитал и пол“) и „Озарување на местото“. Во ова мини-интервју, таа искрено зборува за некои проблеми што ја допираат и за некои карактеристики на нејзиното творештво.***



**- ЗА УМЕТНОСТА И УМЕТНИКОТ**

Би сакала да го преформулирам овој однос во „за искреноста и уметникот“. Кога би можела, кога би била доволно силна и паметна, би отфрлила сè и не знам дали би почнала од почеток.

**- ЗА ТЕХНИКИТЕ**

Сè што е комплицирано и што можам сама технички да го изведам ме возбудува.

**- ЗА МАТЕРИЈАЛИТЕ (НА ПРВО МЕСТО ТЕКСТИЛОТ)**

Кога почнав да го користам платното како материјал за себеизразување, тоа повеќе наликуваше на спонтана отколку на јасно дефинирана потреба. Меѓутоа, во обидот да ја пронајдам лич-



ната врска со овој материјал, јас ја открив врската-платно, која ги поврзува жените од моето семејство. Премногу лесно е тој да се окарактеризира како „женски“ материјал, без да го почувствуваш како материјал за работа. Работејќи со него, сфатив колку е возбудлива неговата моќ за трансформации и колку се широки и неисцрпни можностите што ги нуди за употреба.

Сепак, немам омилен материјал и се обидувам да не ја „жртвувам“ идејата поради материјалот, туку материјалите ги менувам во зависност од потребите на идејата при нејзиното техничко осмислување.

**- ЗА ИНТЕРАКТИВНОСТА, Т.Е. ВКЛУЧУВАЊЕТО НА ПУБЛИКАТА ВО ДЕЛАТА И ЗА ТОА КАКО ТАА РЕАГИРА НА НИВ**

Публиката и јас (моите дела) сме рамноправни. Сакам кога ги создаваме заедно. Сакам да го избегнам тоа чувство на инфериорност кај неа. Не се срамам да бидам и глупава, и смешна, и здодевна, и дрска, и безобразна пред неа. За мене уметноста е игра преку која можеме или не можеме да научиме нешто, понекогаш обидувајќи се сите заедно.

**- ЗА ЖЕНСКОТО (АКО ВООПШТО ПОСТОИ, ИЛИ ЗА ПОВРЗУВАЊЕТО НА ДВАТА ПРИНЦИПА)**

Понекогаш, мислам дека моите проекти немаат врска со уметност. Себично, но тие ми помагаат да се поднесам и совладам себеси.

**- ЗА МИНИМАЛНОТО**

Порано се преплашував од празен простор и ми требаше време да ја разберам и совладам едноставноста. Без непотребни комплицирања.

**- ЗА ОТВОРАЊЕТО ИЛИ ИЗЛОЖУВАЊЕТО НА ИНТИМАТА ПРЕД ЛУЃЕТО (АКО ПОД ИНТИМА ГО ПОДРАЗБИРАМЕ ИСКАЖУВАЊЕТО НА ЛИЧНИТЕ СТАВОВИ, А НЕ САМО ИЗЛОЖУВАЊЕТО НА ПРИВАТНОСТА)**

Одговорот е повторно поврзан со искреноста. Во исто време е многу лесно и многу тешко кога сакаш да кажеш и да покажеш нешто за себе. Лесно е ако искрено знаеш што сакаш да кажеш и ако тоа лично не те допира само тебе. Од друга страна, пак, за мене е најтешко како тоа да се постави - да ја изложиш интимата пред публиката, а да не бидеш патетичен и да ги искажеш личните ставови, а да не бидеш навредлив, или обратно.

**- ЗА ИЗЛОЖБИТЕ**

Тоа е како тест на издржливост, и ментална и физичка и материјална.

Маја ЧАНКУЛОВСКА

